## Известување

Почитувани,

Институтот за економски стратегии и меѓународни односи-ОХРИД го организираше последниот регионален сепартиски форум "Македонија на прагот на ЕУ И НАТО-заедничка одговорност на сите политички партии" во Скопје на 15.12.2007.

Форумот е поделен на две работни сесии. На првата сесија со наслов "На прагот на ЕУ и НАТО заедничка одговорност на политичките партии-заклучоци од 12 форуми" се дискутираше за улогата и одговорноста на политичките партии од владината коалиција и опозицијата за успешно да ја одработат агендата што преостанува за прием на земјата во ЕУ и НАТО, кои недостатоци остануваат во политичката култура и како да се надминат со заеднички труд од партиите, дали се доволно силни локалните огранци за давање свои придонеси во политичкиот развој. Се разгледа и каква е комуникацијата меѓу партиите и граѓаните и дали има доволна вклученост на сите нивоа.

На втората работна сесија со наслов "Македонскиот модел за ЕУ и НАТО" се дискутираше дали постои специфичен модел за ЕУ и НАТО, како македонските полтички партии да работат со фамилиите од западните политички партии и да се користат овие врски за маркетиг на Македонија, што недостасува во македонскиот модел, дали е успешен и како позитивно да се мобилизира желбата на 96/91 % на граѓаните во реалната политика.

Ова е последниот од дванаесте форуми што се одржаа низ Република Македонија на кои беа присутни 350 претставници од политичките партии. Во фокусот беше работата на Парламентот, недостигот на дијалог меѓу партиите, сеуште централизираните структури на партиите и како да се реформираат и да соработуваат за прашања од национален интерес. Повеќе од 90% од

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk

популацијата силно ја подржуваат евро-атланската интеграција и со тоа партиите се наоѓаат под колективна одговорност да ја респектираат, задоволат и имплементираат желбата на граѓаните.

Сите претставници на партиите ја искажаа својата волја и посветеност да работат активно за евро-атланската интеграција. Тие веќе активно ги користат нивните контакти со партиите партнери во земјите членки на ЕУ и НАТО. Во однос на активниот политички дијалог помеѓу сите партии имаше многу отворени политички дискусии за повеќе прашања што Институтот го смета за позитивен и охрабрувачки знак.

Проектот е финансиран од Министерството за надворешни работи на Кралство Норвешка.

Ве молиме да ја информирате македонската јавност за настанот.

Со почит,

М-р. Билјана Јанева
Извршен Директор

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk